Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
21.08 2025
08 | 5

**До:** **Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер-АСПИ**
**Бул. Гоце Делчев бр. 18, Скопје**

**Од:** И. И. од Битола

Битола, 21.08.2025 година

**<u>ПРЕДМЕТ:</u>** **Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер(Сл.В на Р.С. Макадонија број 101/2019), барам Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер-АСПИ, да ми овозможи слободен пристап до следните информации од јавен карактер-ИЈК:

1. Дали во врска со решенијата У-6 бр.408/2023; У-6 бр.409/2023 и У-6 бр.410/2023 на Управниот суд со кој ги отфрли жалбите на Македонската спортска стрелачка федерација-МССФ како недозволени, од страна на АСПИ, прекршочно е глобена МССФ или одговорното лице во неа, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и дали истите се наплатени?

2. Дали и колку пати АСПИ, во изминатите 5 години ја има прекршочно глобено МССФ или нејзиното одговорно лице, спрема одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради одбивање на барателите да им доставува ИЈК и дали истите се наплатени?

3. Кои законски дејствија ги презема АСПИ према ИМАТЕЛИТЕ на ИЈК, со цел БАРАТЕЛИТЕ на ИЈК да ги добијат бараните ИЈК, во оние случаи кога и покрај изречените глоби од страна на АСПИ, имателите на ИЈК на барателите на ИЈК и понатаму не им ги доставиле ИЈК?

4. Дали и во кои случаи недавањето на ИЈК понесува кривична одговорност за одговорното лице во правното лице - имател на информациите од јавен карактер, поради систематско кршење на граѓанското право за слободен пристап до ИЈК?

Бараните ИЈК, барам да ми биде доставени во писмена форма , на следниот

е-маил:

Подносител на барањето:

И. И. од Битола